# Услови за користење на тарифните модели Unlimited

1. Со користење на тарифните модели Unlimited (понатаму во текстот: тарифен/и модел/и) претплатникот на мобилни услуги на Македонски Телеком (понатаму во текстот: Претплатникот) ги прифаќа следниве Услови за користење на мобилен интернет во Unlimited тарифни модели (понатаму во текстот: Услови за користење на интернет). Тарифниот модел се смета за активиран, во моментот на прифаќање на Условите за користење за што Претплатникот ќе добие СМС порака.

2. Избраниот тарифнен модел може да се активира во продажните места на Македонски Телеком, со јавување на 122, преку мобилната апликација Telekom MK или на друг начин достапен на корисникот.

3. Цените и достапноста на тарифните модели се наведени во Официјалниот Ценовник на Македонски Телеком.

4. Заради осигурување на оптимално корисничко искуство во користењето на мобилниот интернет од овие тарифни модели како и заради заштита од злоупотреба, Операторот применува Политика на фер користење.

5. Со активирање на тарифниот модел, Претплатникот добива мобилен интернет секој месец во согласност со Политиката за фер користење. Претплатникот се обрзува доделениот мобилен интернет да го користи исклучиво за сопствени потреби за целите на мобилна комуникација/сообраќај согласно избраниот тарифен модел. Не е дозволена употреба на доделениот мобилен интрнет за комуникација помеѓу уреди и/или апликации т.е. M2M комуникација.

| | |
|---|---|
| Magenta 1 Unlimited 2024, Magenta 1 Ultra 2024, Mobile Unlimited 2024, Mobile 2024 | 200 GB |
| Magenta 1 Unlimited Start 2026, Magenta 1 Unlimited Extra, Magenta 1 Unlimited Premium 2026 | 500 GB |

6. По искористувањето на доделените интернет месечно, услугата се прекинува, а Претплатникот има право да активира дополнителен интернет пакет без надомест за што ќе биде соодветно информиран.

7. Месечниот мобилен интернет од избраниот тарифен модел е достапен за користење само во домашната мобилна мрежа, на територија на Р.С. Македонија и не може да се користи во роаминг .

8. Претплатникот ќе биде навремено информиран за секоја промена во пристапот и/или користењето на услугата од страна на Македонски Телеком.

9. Барањето на корисникот да го активира тарифниот модел може да биде одбиено поради неисполнување на условите наведени во Општите услови за засновање претплатнички однос и користење на услугите на Македонски Телеком АД – Скопје.

10. Во однос на вклучен интерент сообраќај во роаминг, со цел да се заштити од злоупотреби и невообичаена употреба на регулираните малопродажни услуги во роаминг, Телеком ќе ја применува политиката за фер користење во однос на трошењето на регулираните малопродажни услуги во роаминг. Принципите и правилата по кои се врши ова се детално урврдени во Правилникот за политики на фер користење и проценка на одржливоста на укинувањето на дополнителните надоместоци за регулирани малопродажни услуги во роаминг и за барањето што го доставува операторот за целите на таа проценка.

11. Претплатникот на тарифните модели има право да направи промена на избраниот тарифен модел во согласност со склучениот Стандарден претплатнички договор.

12. При промена на избраниот тарифен модел, во случај кога Претплатникот извршил набавка на терминална опрема по основ на Договор за лојалност, за набавената опрема и условите за плаќање ќе се применуваат правилата дефинирани во Договорот за Лојалност.

13. За сите околности кои не се предвидени во овие Услови за користење тарифните модели Unlimited, ќе се применува Официјалниот Ценовник, Општите услови за засновање претплатнички однос и користење на услугите на Македонски Телеком, како и позитивните законски прописи во Република Македонија од обласа на електронските комуникации.

14. Овие Услови за користење ќе се раководат и толкуваат според позитивните законски прописи на Република Македонија. Со користењето на тарифниот модел, крајниот корисник се согласува дека секој спор или секое барање, произлезени од или во врска со овие услови, или во врска со нивното спроведување, се во надлежност на Основниот граѓански суд во Скопје. Македонски Телеком го задржува правото еднострано да ги менува и дополнува овие Услови за користење на тарифните модели за што корисникот ќе биде известен преку веб-страницата или на друг соодветен начин.

15. Овие Услови за користење стапуваат на сила од 01.03.2026 година.